

# СОНУВАМЕ ДА ПАТУВАМЕ

## АНАЛИЗА НА АКАДЕМСКАТА И СТУДЕНТСКАТА МОБИЛНОСТ ПРЕКУ АЛАТКАТА: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

# СОНУВАМЕ ДА ПАТУВАМЕ

## АНАЛИЗА НА АКАДЕМСКАТА И СТУДЕНТСКАТА МОБИЛНОСТ ПРЕКУ АЛАТКАТА: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

378:005.966.3 (497.7) "2010"

ПОП Иванов, Лазар
Сонуваме да патуваме : анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер / [ автори Лазар Поп Иванов, Моника Божиноска, Сања Божовиќ ]. – Скопје : Младински образовен форум, 2011. – илустр. ; 21см

Фусноти кон текстот. – Содржи и: Додаток

ISBN 978-9989-2269-8-4
1. Божиноска, Моника [автор]  2. Божовиќ, Сања [автор]
а) Универзитетски кадри – Мобилност – Македонија – 2010  б) Студенти - Мобилност – Македонија – 2010
COBISS.MK-ID 86589962

**Издавач:**
Здружение на граѓани „Младински образовен форум“
Бул. „Водњанска“ 35/1-1, 1000 Скопје
Тел.: + 389 2 31 39 692
www.mof.org.mk
info@mof.org.mk

**За издавачот:**
Марјан Забрчанец, извршен директор

**Автори:**
Лазар Поп Иванов,
Моника Божиноска,
Сања Божовиќ

**Асистент за односи со јавност:**
Атанас Димитров

**Рецензент:**
проф. д-р Зоран Поповски

**Уредници:**
Неда Коруновска Аврамовска
Данче Даниловска-Бајдевска

**Лекторка:**
Силвија Митревска

**Тираж:**
500 примероци

**Поддржано од:**

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# Содржина:

Стр. 7 ...... **Вовед**
Стр. 9 ...... За Младински образовен форум
Стр. 10 ..... За проектот "Слободен пристап до информации од јавен карактер-од и за студентите"

Стр. 11 ..... Методологија

Стр. 14 ..... **Резултати**
Стр. 17 ..... Мобилност на студенти
Стр. 24 ..... Изјави од студенти
Стр. 27 ..... Мобилност на наставниот и административниот кадар
Стр. 34 ..... Финансии
Стр. 38 ..... Интервју со проф. Д-р. Велимир Стојковски, Ректор на УКИМ

Стр. 41 ..... Заклучоци и препораки (болдирано)
Стр. 44 ..... Заклучни согледувања
Стр. 49 ..... Препораки
- Кон студентските организации
- Кон факултетите
- Кон Универзитетите
- Кон бизнис секторот
- Кон образовните власти

Стр. 56 ..... **Додаток**
Стр. 56 ..... Листа на прашања од прв бран
Стр. 58 ..... Листа на прашања од втор бран



# Вовед

- За Младински образовен форум
- За проектот "Слободен пристап до информации од јавен карактер - од и за студентите"
- Методологија на истражувањата

# За Младински образовен форум

Здружението на граѓани „Младински образовен форум“ (МОФ) е младинска невладина организација формирана во 1999 година, која работи во полето на образованието и човековите права. Активностите на организацијата се реализираат во рамките на три програми: Неформално образование, Истражување и креирање младински и образовни политики и Младински активизам.

Програмите на МОФ се насочени кон промовирање критичко мислење, поттикнување толеранција и почит кон туѓите идеи и ставови, промовирање на правото и демократијата и развој на квалитетно и транспарентно образование.

Преку предавања, обуки, дискусии, кампањи, публикации и други методи, членовите на МОФ придонесуваат во етаблирање на демократските вредности и младинско учество во градењето отворено општество и интеграција на Македонија кон Европската унија.

МОФ е активен на национално ниво, со повеќе од 500 членови и 1500 корисници на годишно ниво, преку сопствени центри и локални партнерства во 14 општини во Република Македонија.

**Основните цели на Здружението се:**

- едукација на млади на возраст од 15 до 25 години;
- промовирање на алтернативните начини на едукација на младите, преку примена на интерактивни методи во предавањата;
- промовирање на критичкото мислење и толеранцијата помеѓу средношколците;
- јавно говорење (реторика), тимска работа, логика, аргументирано презентирање ставови, решавање проблеми;
- антиципирање на спротивните ставови како еднакво вредни на лично презентираните;
- отвореност кон идеи и ставови спротивни на општоприфатените;
- заштита и промоција на студентските интереси и права;
- промоција на концептите на правда и владеење на правото, како основни демократски принципи.

www.mof.org.mk
info@mof.org.mk
facebook.com/MOF.edu
twitter.com/MOFedu
youtube.com/YouthEduForum
+389 2 3139 692

# За проектот: „Слободен пристап до информации од јавен карактер - од и за студентите“

Младински образовен форум (МОФ) веќе неколку години, користејќи го Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, работи на истражувања поврзани со високообразовните институции. Во 2010 година, МОФ продолжи со спроведување на проектот: „Слободен пристап до информации од јавен карактер - од и за студентите“. Проектот беше имплементиран до 31 декември 2010 година, во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, и во соработка и со финансиска поддршка од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија.

Со овој проект, од една страна, МОФ ги промовира предностите од користењето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер при истражувања поврзани со работата на здруженијата и фондациите, а, од друга страна, работи на подигнување на свеста кај студентите за можностите кои ги нуди овој закон. Дополнително, целта на проектот беше да им се овозможи практична работа на студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје преку давање бесплатна правна помош на сите заинтересирани за поднесување барања за слободен пристап до информации. Заради тоа, беше отворена канцеларија на Правниот факултет, односно Правна клиника, преку која студентите од насоката на постдипломските студии по Административно право и јавна администрација поднесоа 80 барања за слободен пристап за прашања кои ги интересираат студентите за работата на нивните факултети. Истовремено, оваа година при спроведувањето на проектот беа истражувани можностите за мобилност на студентскиот, наставниот и административниот кадар, која овозможува усовршување, меѓународна научна соработка, размена на искуства во организациите и реализација на наставата, унапредување на раководењето и управувањето со системот на високото образование итн. До седум државни факултети и други институции беа испратени барања за слободен пристап до информациите кои беа важни и неопходни за анализа на спроведувањето на процесот на мобилноста на студентите, наставниот и административниот кадар. Во текот на анализирањето на одговорите беа детектирани проблеми и недостатоци во процест на спроведување на мобилноста на студентите, наставниот и административниот кадар. Компаративната анализа на одговорите доведе до согледување на моменталната состојба за мобилност, која е крајно незадоволителна и тоа се должи на неинформираност, отсуство на соодветна финансиска поддршка и недоволна отвореност на факултетите за меѓународна соработка, што е прв чекор за нејзино решавање. Исто така, доведе и до идентификување на проблемите при спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, односно на техничката неподготвеност на високообразовните институции за одговарање на прашањата.
И оваа година, при спроведување на истражувањето на високообразовните институции МОФ соработуваше со д-р Зоран Поповски, професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, кој, врз основа на добиените одговори и нивната анализа, изготви заклучоци и препораки со кои, воедно, ги посочи недостатоците во спроведувањето на процесот на мобилноста споредени со постоечките акти кои се потпишани во Република Македонија, како и позитивните искуства на европско тло.

Како и минатата година, се надеваме дека со годинашнава анализа ќе инспирираме и други здруженија и организации, студенти и, воопшто, млади луѓе да се занимаваат со истражувања во области поврзани со образованието, користејќи ги можностите кои ги нуди Законот за слободен пристап до информациите од јавен каркатер, за поголема транспарентност и отвореност на македонските институции.



# Методологија на истражувањето

Методологијата за истражувањето е креирана да овозможи квалитативна и компаративна анализа на мобилноста на студентите, наставниот и административниот кадар на факултетите од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, како и да ја отслика транспарентноста на високообразовните институции. Истражувањето е спроведено така што се користени можностите што ги нуди Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во периодот од 1 април до 31 декември 2010 година, до седум факултети, кои се дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје: Економски факултет – Скопје, Филозофски факултет – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, Машински факултет - Скопје и Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје, МОФ поднесе вкупно 420 барања за слободен пристап до информациите за мобилност на студентите, наставниот и административниот кадар.

Критериум според кој беа одбрани овие факултети е бројот на студентите кои се запишани на факултетите, односно избрани се факултети кои имаат поголем број студенти во однос на останатите факултети на Универзитетот.

Покрај седумте факултети, заради целосно осознавање на процесот на мобилност, беа истражувани и други институции кои се одговорни за спроведување на Болоњската декларација или, пак, се занимаваат со оваа тема. Поради тоа, прашања за слободен пристап до информации беа испратени до други осум институции: Ректоратот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Министерството за образование и наука, Собранието на Република Македонија, Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и до четири студентски организации: ЕЛСА, АЕГЕЕ,ИАЕСТЕ и АИСЕК.

Истражувањето беше спроведено така што поднесените барања за пристап до информациите се однесуваа на информации кои институциите ги поседуваат или треба да ги поседуваат. Се внимаваше бараните информации да не се информации кои вообичаено би се очекувало да не се достапни, односно да се под посебен заштитен режим. Истражувањето опфати две фази, односно барањата беа испратени во два брана - првиот бран во мај, а вториот во септември. Барањата беа испратени во формата утврдена од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во согласност со Законот. Барател на информациите во целото истражување беше МОФ. Добиените одговори се сумирани во квалитативна и компаративна анализа од која може да се увиди сегашната состојба за мобилноста.
Вкупно, во двата брана, до сите институции МОФ испрати 420 барања, од кои 25% беа игнорирани од институциите и за кои не добивме одговор. Од барањата, 214 барања се испратени во првиот бран, а 206 во вториот.




Во првиот бран, во законски пропишаниот рок од 30 дена, односно 40 дена, беа одговорени 142 барања што е 66%. МОФ до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации поднесе 72 жалби. Од нив 70 се поради молчење на администрацијата, а 2 поради нецелосни одговори. Значи 33% од поднесените барања во првиот бран, што е 1/3 од нив, не беа третирани од институциите и се соочивме со молчење на администрацијата.




Во вториот бран во законски пропишаниот рок целосно беа одговорени 168 барања, односно 81,5%. МОФ заради нецелосни одговори и молчење на администрацијата овој пат поднесе 38 жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од овие жалби, 31 жалба е поради молчење на администрацијата, што значи дека Комисијата за слободен пристап наместо да го користи своето време и средства за промовирање на законот, сè уште се соочува со жалби кои се последица на игнорантскиот однос и тромоста на институциите. Ова е заклучок кој следува по реакцијата на институциите по поднесувањето на жалбите, односно по започнувањето на жалбената постапка, институциите одговорија на 28 жалби, со што ни дадоа соодветни одговори.

Дополнително, МОФ, преку истражувањето и поднесените барања за слободен пристап, го набљудуваше спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации на јавен карактер на високообразовните институции. Оттука може да ги посочиме и проблемите на кои наидовме при негово спроведување:

- **Молчењето на администрацијата се провлекува како проблем и по 4 години од примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**. Ова покажува дека и онака долгиот рок за одговарање на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер не се почитува, што укажува на нестручност на лицата одговорни за негово спроведување, но и за затвореноста на институциите.
- **Не се почитува законската одредба за препраќање на барањата од страна на институциите**. Така добивме 17 известувања во кои органот точно знае кај кого се наоѓа информацијата, за што ни укажува во дописот и нè упатува сами да го препратиме барањето, притоа ја занемарува сопствената законска обврска со што придонесува во одвраќање на барателите да го користат Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер за да дојдат до информации од високообразовните институции. Оваа нивна постапка дополнително го одолговлекува времето потребно да се добие една информација.
- **Нецелосни одговори од институциите**. Иако оваа ситуација не беше честа во ова истражување, само во 5% од барањата добивме нецелосни одговори. Сепак, ја посочуваме бидејќи укажува на недоволното познавање на Законот. Имено, Законот вели дека доколку на имателот на информацијата не му е јасно која информација е побарана, може да се обрати до барателот и да бара од него дополнување на барањето, односно појаснување на барањето. За барателите ова е важно бидејќи се избегнува непотребно одложување на времето за добивање на информацијата.
- **Неадекватни одговори.** Во текот на истражувањето се соочивме со одговори од институции кои воопшто не соодветсвуваат на барањето. Иако ова не се случуваше често, сепак, добивме одговори каде наместо да го дадат точниот одговор или доколку е нејасно барањето, да бараат дополнување на барањето, високообразовните институции ни даваа други одговори. Како на пример, на прашањето: „Дали студентите од вашиот факултет добиваат бесплатни книги и кои се тие?", добивме одговор: „Сите студенти имаат пристап за користење на расположливата литература во специјализираните библиотеки, кои функционираат на секој институт на Универзитетот".

Истовремено, со истражувањето на МОФ за мобилност, и студентите од Правната клиника на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје поднесоа барања за слободен пристап со цел да добијат информации од нивен интерес, на тема:„Студентски стандард", но и за да учествуваат во процесот на набљудување на спроведувањето на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Методолошки тие не се дел од оваа анализа, но се вредни да бидат спомнати. Истражувањето на студентите беше насочено кон следните иматели на информации: Економски фаултет-Скопје; Филозофски факултет - Скопје; Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје; Архитектонски факултет - Скопје; Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје; Стоматолошки факултет; Студентски дом „Гоце Делчев"; Студентски дом „Кузман Јосифовски Питу"; Студентски дом „Пелагонија"; Студентски парламент на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"; Ректорат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"; Влада на Република Македонија и Министерство за образование и наука.




Студентите во мај поднесоа 80 барања како физички лица. Барањата беа доставени лично до институциите-иматели на информацијата. Од поднесените барања, 42, односно 52,5%, беа одговорени во законски пропишаниот рок. На другата половина, односно на 38 барања студентите поднесоа жалби до Комисијата за заштита на правото до слободен пристап на информации од јавен карактер. Од нив 18 се поради молчење на администрација, а 20 поради нецелосни одговори.

Како и на барањата на МОФ, институциите по поднесување на жалбата, односно по започнување на жалбената постапка, одговорија на сите барања.



# Анализа на резултати

- Мобилност на студенти
- Мобилност на наставниот и административниот кадар
- Финансиските средства - предуслов за мобилност
- Интервју со проф. Д-р Велимир Стојковски, ректор на УКИМ

# Мобилност на студенти



## Колку македонските студенти ја користат мобилноста?

Мобилноста на студентите, можеби, е област во која најдиректно се гледа имплементацијата на ЕКТС и користењето на кредитите како нов начин на функционирање на високообразовните институции во Европа. Можноста студентите да студираат еден или повеќе семестри на универзитет надвор од Република Македонија или, пак, да ги продолжат пост-дипломските студии надвор од државата во која живеат, а притоа да не се соочат со административни проблеми и верификациски процедури (како на дипломата, така и на самите предмети), е достапна со ЕКТС и со мобилноста која е достапна до студентите преку најразличните програми на ЕУ. Токму поради овие причини, одбравме најголемиот дел од прашањата во ова истражување да ги насочиме кон оваа област.

Испитувавме:

- Колку факултетите и Универзитетот информациите за овие програми кои овозможуваат мобилност на студенти ги прават достапни до самите студенти?
- Дали процедурите за аплицирање кои ги нудат овие програми се едноставни и во насока на препораките од Болоњската декларација?
- Колку студентите ги користат овие можности и одат на студии надвор од РМ, на семестар или подолго?
- Колку студентите од универзитетите од Европа доаѓаат на „размена" во Република Македонија користејќи ги програмите за мобилност?

## Факултетите немаат издадено ниту еден додаток на диплома (diploma supplement).*

Доставените одговори од страна на факултетите во рамките на истражувањето покажуваат дека кај високообразовните институции не е заживеана практиката за издавање додаток на диплома (diploma supplement) која треба да претставува израз на екстракурикуларните активности на студентот и особено неговата мобилност. Целта на додатокот на дипломата е, покрај дипломата, да се обезбеди издавање и на ваков документ каде ќе бидат вметнати податоци потребни за да се препознае нивото на академските квалификации на студентот кој е носител на дипломата. Тука треба да се обезбедат: опис на природата, нивото, содржината и статусот на студии кои биле завршени од страна на студентот.



* За ставот на универзитетското раководство по ова прашање, погледнете го интервјуто со проф. Д-р Велимир Стојковски, ректор на УКИМ, прашање бр. 3, стр. 39

## Два од испитаните факултета немаат студенти кои преку нив имаат студирано семестар или година на други факултети.

Архитектонскиот и Машинскиот факултет немаат студенти кои преку нив студирале семестар или повеќе на друг факултет надвор од државава, додека останатите испитани факултети имаат вкупно 23 студенти кои искористиле ваква мобилност. Согласно со ваквите резултати, очигледно е дека некои од факултетите треба да ја промовираат мобилноста и да ја направат подостапна за нивните студенти.

## Факултетите треба да поработат на својата промоција со цел да привлечат поголем број странски студенти кои би искористиле мобилност на некој од испитаните факултети.

Вкупниот број студенти од земјите-потписнички на Болоњската декларација кои имаат слушано семестар или година на додипломски студии на испитаните факултети е 15. Овие студенти слушале настава на Филолошкиот, Филозофскиот и Правниот факултет. Според дадените одговори, вакви студенти има од следниве земји: Словенија, Хрватска, Полска, Данска, Австрија, Италија. Останатите факултети одговорија дека на нивниот факултет немаат ниту еден странски студент или дека не поседуваат вакви податоци.
Бројот на студенти кои биле на постдипломски и докторски студии на испитаните факултети е значајно помал од оној на студенти кои дошле на додипломски студии. Само за компарација, овој број на постдипломци е 7 и тоа само на Правниот факултет и на Филозофскиот факултет. Според податоците за студентите на постдипломски студии до кои дојдовме со истражувањето, тие доаѓаат од истите универзитети со кои факулутетите имаат остварено соработка и меѓу кои најчесто се остварува размената: Хрватска, Италија. Ова покажува дека факултетите треба да поработат на привлекување студенти кои би дошле на доусвршување во Македонија.

## Вкупно 27 студенти, странски државјани, имаат искористено некоја од програмите на Европска унија за мобилност на испитаните факултети.

Преку програмите на Европската унија за мобилност странските студенти добиваат можност да студираат на универзитети во нашата земја. Странски студенти студирале на: Правниот, Економскиот, Филолошкиот и на Филозофскиот факултет. На овие четири факултети има студенти од: Р. Словенија, Р. Хрватска, Полска, Бугарија, Данска и Австрија. На останатите факултети Архитектонски, Машински и на Факултетот за електротехника и информациски технологии немаат вакви студенти.

## Само Филолошкиот факултет има Правилник во кој се утврдени критериумите со кои би се вршела селекција меѓу студентите и наставниот кадар кои ќе користат мобилност.

Економскиот факултет нема правилник во кој се утврдени критериумите за избор и селекција на кандидатите за користење на мобилноста, но во својот одговор наведуваат дека имаат некакви критериуми само за заинтересираните студенти, и тоа: успехот на студентот, познавањето на јазикот, компатибилноста на програмата за која конкурира. Од Правниот факултет наведуваат критериуми за професорите,

и тоа: оптовареност со наставата, односно ова значи дека наставникот нема настава во периодот кога треба да престојува во странство. Останатите факултети кажуваат дека студентите се селектираат според правила на Универзитетот. Врз основа на одговорите од факултетите, во рамките на истражувањето забележавме дека е отежната координацијата на меѓународната соработка на универзитетско ниво иако тоа би требало да биде една од клучните функции на интегрираниот универзитет.

## На два факултета немаат податоци за тоа дали и колку студенти аплицирале за искористување на програмата Еразмус од 2008 година до денес.

Од податоците кои во истражувањето ги наведоа пет факултети, дознавме дека само 11 студенти аплицирале за програмата Еразмус. Од нив 7 студенти имаат искористено Еразмус-стипендија, додека 4 студенти се одбиени. Другите два факултета, кои се дел од истражувањето, Факултетот за електротехника и информациски технологии и Машинскиот факултет, не поседуваат вакви информации.

## Студентите не ги користат програмите за мобилност на ЕУ или факултетот доволно не ги информира за нивно искористување.

Повеќето од факултетите немаат студенти кои аплицирале за некоја од овие програми или немаат такви информации. Оние факултети кои поседуваат вакви информации и имаат вакви студенти, како користени програми ги наведуваат програмата ЕРАЗМУС и ЦЕЕПУС. Бројката на студенти се движи од најмалку 2 до најмногу 7 студенти.

## Во академската 2010/2011 студентите нема да имаат можност да ја искористат програмата Еразмус, која е дел од програмата „Доживотно учење“.

Една од причините за целосно замирање на мобилноста на студентите и академскиот кадар кон универзитетите во ЕУ преку искористување на програмата „Доживотно учење“ е одлуката со која оваа програма за академската 2010/2011 е ставена во мирување. Актот со кој се регулира изборната процедура за програмата Еразмус, како дел од програмата „Доживотно учење“, е во надлежност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Сепак оваа програма е затворена за академската 2010/2011, бидејќи Програмата е затворена со одлука од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност[1].

## Половина од факултетите или немаат апликанти за програмата Базилиус за учебната 2008/2009 или немаат податоци за тоа колку студенти аплицирале и колку од нив се прифатени и одбиени.

Факултетите немаат податоци за тоа колку нивните студенти аплицирале на програмата Базилиус во учебната 2008/2009. Податоци за мобилноста на студентите остварена преку оваа програма имаат само Економски, Филолошки и Правен факултет. Според нивните податоци, од вкупниот број апликанти за учебната 2008/2009 година прифатени се 4 студенти, а одбиени се 9 студенти.

[1] http://na.org.mk/detali-za-novost/items/informacia-za-programata-dozhivotno-uchee---povik-2010.html

## На факултетите отсуствуваат промотивни активности чија цел би била запознавање на студентите со можностите за мобилност.*

На ниту еден од факултетите не постои канцеларија или работно тело чија цел е информирање на студентите за можностите за студирање на универзитети надвор од Република Македонија, информирање за стипендиите кои се во тек, како и помош на студентите при аплицирањето. Дополнително, само еден факултет има организирано трибина за мобилност за студентите да се информираат на оваа тема, додека останатите факултети немаат организирано ниту една трибина за студентите посветена на ова прашање.

## Студентскиот парламент нема посебни финансии за промоција на стипендии.

Студентскиот парламент како монополизиран претставник на студентската популација, и покрај тоа што располага со средствата уплатени од студентите, не издвојува никакви средства за промоција на мобилноста на студентите.

## Студентите од општествените факултети се поактивни за користење стипендии за студирање на универзитети надвор од Република Македонија.

Процентуално најмногу студенти кои добиле стипендија за студирање во странство се студенти од општествените науки, односно студенти од Економски факултет, Правен факултет, Филолошки факултет, Филозофски факултет, но и од Природно-математичкиот факултет.

## Интересот на странските студенти за студирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се намалува од година во година.**

Секоја година на Универзитетот аплицираат кандидати-странски државјани за кои Универзитетот води евиденција. Вкупниот број странски студенти во 2007/08 изнесува 636 студенти, во 2008/09 бројот на странски студенти е 446, во академската 2009/10 бројот изнесува 539 студенти и за академската 2010/11 бројот е 400 студенти. Во изминатите години се забележува опаѓање на интересот на странските државјани за студирање на УКИМ, особено на студентите кои доаѓаат од подалечните држави.

## Можностите за мобилност за студентите кои ги нудат студентските организации се поголеми во однос на понудите од факултетите.



Четирите испитани студентски организации (AISEC, ELSA, AEGEE, IAESTE), кои се членки на маѓународни организации, навистина нудат мобилност за студентите и, всушност, со тоа дополнително им ја даваат можноста и гаранцијата за учество во многу меѓународни соработки. Организациите имаат реализирано проекти за меѓународна размена на студенти, како и организирање семинари, летни школи каде, покрај учесници од други земји, учество имаат земено и македонските студенти. Пример за проекти преку кои овие организации нудат, односно нуделе размена се: Beyond Europe, Where does Europe

* За ставот на универзитетското раководство по ова прашање, погледнете го интервјуто со проф. Д-р Велимир Стојковски, ректор на УКИМ, прашање бр. 4, стр. 39

** За ставот на универзитетското раководство по ова прашање, погледнете го интервјуто со проф. Д-р Велимир Стојковски, ректор на УКИМ, прашање бр. 7, стр. 40

end, STEP- Student Trainee Exchange Program и сл. Во споредба со мобилноста што ја нудат факултетите, студентските организации нудат многу повеќе. Овие организации имаат различно искуство во поглед на соработката со факултетите. Иако проектите за мобилност на студентите што ги нудат  некои од овие организации се однесуваат за студенти од повеќе факултети, соработката на организациите со факултетите не е на исто ниво. Некои факултети се  незаинтересирани за соработка со нив, а други, пак, нудат голема поддршка почнувајќи од логистичка, па сè до финансиска и материјална за учество на конференции и други настани.

Досега факултетите не воспоставиле задоволително ниво на соработка со студентските организации во смисла на взаемно информирање, промоција и поддршка на мобилноста на студентите. Наодите од истражувањето покажуваат отсуство на какви било промотивни активности од страна на факултетот чија цел би била запознавање на студентите со можностите за мобилност. Студентските организации од Македонија, според анализата на добиените податоци од факултетите, покажуваат поголема активност околу мобилноста на студентите, што делумно се должи на нивното членство во меѓународните студентски асоцијации.



## Само половина од факултетите имаат база на податоци за студентска и академска размена.

И покрај тоа што некои од факултетите водат база на податоци за студентска и академска размена, отсуствува унифицираноста на оваа евиденција. Непостоењето лице на факултетите кое ќе се грижи токму за овие работи може да доведе и до неажурно водење на оваа евиденција која за секој факултет е многу значајна. Фактот дека половина од факултетите опфатени со истражувањето немаат база на податоци ја отсликува негрижата на факултетите за студентите кои одат да се надоградат на универзитети во други земји.

## Три од испитаните факултети во изминативе 5 години немаат реализирано никаков проект кој се однесува на студенска или на академска размена.

Факултети кои немаат реализирано проекти кои се однесуваат на студентска или на академска размена во изминатите пет години се: Филолошкиот факултет, Машинскиот факултет и Архитектонскиот факултет. Останатите факултети во изминатите пет години реализирале вакви проекти, односно податоците велат дека вкупно реализирале 17 проекти. За жал, во анализава не можевме да ги пресметаме проектите од ФЕИТ, бидејќи во својот одговор нè известуваа дека има реализирано многубројни проекти, но немаат список од таквите проекти. Од оние факултети кои реализирале меѓународни проекти пример за реализирани проекти се: „Развој на општините“ – финансиран од Светската банка, „Развој на инклузивната училница: практика, истражување“ - финансиран од Министерството за надворешни работи на Норвешка преку Универзитетот во Осло и сл.

## Студентите организираат меѓународни манифестации, но преку студентските организации на факултетите.

Најчесто факултетите наведуваат дека организирањето меѓународни манифестации оди преку студентскиот парламент, но, исто така, и преку други студентски организации на самите факултети. Резултатите од истражувањето покажуваат дека студентите

многу почесто учествуваат во меѓународни спортски манифестации, отколку на манифестации каде имаат можност да ги презентираат своите научни трудови. Само два факултета традиционално учествуваат на вакви манифестации или учествуваат во вакви натпревари. Учеството на студентите на меѓународните спортски манифестации најчесто е преку Студентскиот парламент на матичниот факултет. Но, студентите можат да учествуваат и индивидуално. Овие учества на меѓународни спортски натпревари се традиционални учества на факултетите.

## Бизнис-секторот не е заинтересиран за финансирање студенти на високообразовните институции.



Само на Економскиот факултет, Факултетот за електротехника и информациски технологии и на Машинскиот факултет од истражувањето, фирми стипендираат успешни студенти. И тоа, резултатите покажуваат дека само 4 фирми се заинтерсирани на сите три факултети да стипендираат студенти, што, всушност, е многу мал број на заинтересирани од бизнис-секторот. Стипендиите се даваат на 5 успешни студенти во висина од 100 евра месечно или на најдобрите студенти во завршена година, во износ од 40% од просечната плата на фирмата која стипендира или, пак, се однесува на покривање на трошоците на студентот за школарината. Останатите факултети или немаат податоци или воопшто нема фирми кои стипендираат студенти. Ова, можеби, е и заради тоа што бизнис-секторот не ја согледува својата улога за влијание во високото образование и колку тој може да придонесе кон унапредување.

## Не постои подготвителна програма за странските студенти кои добиле можност да студираат на некој од факултетите кои беа дел од истражувањето.

Прецизно кажано, на ниту еден од испитаните факултети не постои подготвителна програма за странски студенти кои добиле можност да студираат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Фактот дека факултетите не нудат подготвителна програма дополнително придонесува за овие факултети да не бидат конкурентни и привлечни за студирање на странски студенти.

## Само Машинскиот и Архитектонскиот факултет од испитаните факултети немаат договор за размена на студенти со ниту еден факултет надвор од нашата држава.

Пет од испитаните седум факултети имаат договор за размена на студенти со факултет надвор од нашата држава, односно таква соработка остваруваат најмалку со два факултета и најмногу со десетина факултети. Ова значи дека во Република Македонија сè уште постојат факултети кои немаат ниту еден потпишан договор за билатерална соработка со некоја странска високобразовна институција. Во такви услови не може ни да се замисли унапредувањето на мобилноста на студентите и наставниот кадар. Таму каде што има воспоставена соработка, таа не се заснова на претходно утврдени критериуми, туку се должи на индивидуални контакти и случајност.

**Ниту еден од испитаните факултети нема утврдено писмена постапка во која студент добива препорака од страна на професорот.**

Во најголемиот број случаи студентите усно се обраќаат до факултетите и до професорите за да добијат препорака и тоа се случува на индивидуална база,односно добивањето препорака од професорите зависи од волјата на студентот и неговиот однос со професорот. И покрај тоа што можноста за лични пропораки и контакти со професорите е од големо значење за студентите, потребна е постапка со која би се предвидел начинот на добивање препорака со цел да се знаат условите за нивно добивање. Ова дополнително придонесува во неконзистентноста во селекцијата на студентите кои треба да бидат избрани за мобилност.

**Половина од испитаните факултети воопшто не нудат курсеви, семинари, обуки кои не се дел од задолжителната настава, како облици на неформално образование.**

Само Економскиот факултет и Факултетот за електротехника и информациски технологии одржуваат семинари, конференции и слични активности како дел од неформалното образование на своја иницијатива, додека има факултети што ова го прават на барање на заинтересирана страна. Во секој случај, најголем дел од факултетите не организираат никакви облици на неформално и информално образование како содржини кои би биле евидентирани во diploma supplement.

**Факултетите немаат податоци дали нивните студенти магистерските трудови ги бранат на странски јазик.**

Само на Филозофскиот факултет има студент којшто својот магистерски или научен труд го бранел на странски јазик. Другите факултети треба да поседуваат ваква евиденција, интересот за успехот на студентите на интернационално ниво мора да е поголем зашто ја изразува и успешноста на самиот факултет.

**Министерството за образование и наука ќе финансира студенти запишани на најреномираните 100 универзитети според неколку листи.**

На студентите запишани на втор циклус универзитетски студии и трет циклус докторски студии на државните универзитети, кои ќе добијат можност за студиски престој на еден од првите 100 универзитети рангирани на последната објавена листа од следниве институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report i Times Higher Education Supplement - World University Ranking, Министерството за образование и наука му одобрува надомест на трошоци за студискиот престој на соодветниот универзитет за сместување, исхрана, здравствено осигурување и патни трошоци. Висината на надоместокот на трошоците за студискиот престој се утврдуваат врз основа на известувањето на соодветниот универзитет.


ЗДРАВО МОМЦИ, КАКО СТЕ?
ДОБРИ, ЕВЕ ЧЕКАМЕ.
КАНЦЕЛАРИЈА ЗА
ЧЕКАТЕ? ПА,ТУКА НЕМА НИШТО!
ДА, ЗНАЕМЕ.
ЧЕКАМЕ ДА ИЗГРАДАТ КАНЦЕЛАРИЈА ЗА СТУДЕНТСКА МОБИЛНОСТ --
-- ЗА ДА МОЖЕ ДА СОБЕРЕМЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА СТИПЕНДИИ.
А, СО СРЕЌА МОМЦИ! СИГУРНО ЌЕ УСПЕЕТЕ ДА ОТПАТУВАТЕ НЕКАДЕ.

**“Решив да аплицирам за студии во странство поради неколку причини. Прво, не бев задоволна од квалитетот на студиите во Скопје, односно од вештините и знаењето со кое се здобив за време на моите Bachelor студии, од администрацијата и начинот на имплементација на студиите, како и од статусот кој се носи како студент во Македонија. Понатаму, животот во Скопје како студент, според мене, не го отсликува вистинскиот студентски живот, па сакав да направам промена и да живеам посамостојно во друга држава, каде нема да имам други вознемирувања од општеството и целосно неколку години ќе посветам на истражување, едуцирање и живеење во нови искуства и предизвици.”**

Студент од Скопје, Возраст: 24, Пол: женски, Град: Скопје
Матичен факултет: Јустинијан I - УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Willy Brandt School for Public Policy at the University of Erfurt

“Процесот на аплицирање за мене беше релативно лесен, без потреба од собирање на многу документи.”

Студент од Скопје: Возраст: 23, Пол: Машки, Град: Скопје,
Матичен факултет: Фармацевтски факултет на УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Фармацевтски факултет - Љубљана

“Комуникацијата со факултетот е еднострана. Имено, веќе една и пол година се трудам да ја добијам дипломата за завршени студии од мојот матичен факултет, но очигледно е дека факултетот нема издадено ниту една диплома за студентите по ЕКТ-системот, поради што и јас не сум исклучок. Имам поднесено две барања, поради тоа што кај нас, нели секогаш битните докуметни се губат во администрација и, конечно, факултетот не се ни потрудил да ги разбере, а да не зборуваме да реагира на моите проблеми или барања. Всушност, добивањето на мојата диплома не е проблем, туку редовен дел од тоа што ми следува од факултетот. Од друга страна, професорите кои ми дадоа препораки доследно и професионално ме поддржаа.”

Студент од Скопје, Возраст: 24, Пол: женски, Град: Скопје
Матичен факултет: Јустинијан I - УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Willy Brandt School for Public Policy at the University of Erfurt

**“Секое искуство е корисно, а особено искуството кое ќе те разликува од сите останати кандидати за едно работно место.”**

Студент од Скопје, Возраст: 21, Пол: женски, Град: Скопје
Матичен факултет: Економски факултет на УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Факултет за администрација на Универзитетот во Љубљана

**"Што се однесува до запознатоста со Програмата (CEEPUS), студентите знаат за Програмата, но од своите колеги или професори. Не се запознати со сите детали околу Програмата и тоа поради недоволните информации кои можат да ги најдат на факултет. Би требало повеќе да се промовира Програмата, но тоа почна да се прави на манифестацијата „Ден на маркетери", која почна да се одржува минатата година, па многу студенти имаа можност и да се информираат околу Програмата.**
**Аплицирав по предлог на мојата професорка, но на мое огромно задоволство. Ме предизвика новото искуство кое сакав да го стекнам, можноста да слушам предавања на англиски јазик и особено сакав да видам како се студира во европска земја."**

Студент од Скопје, Возраст: 21, Пол: женски, Град: Скопје
Матичен факултет: Економски факултет на УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Факултет за администрација на Универзитетот во Љубљана

"Доколку сум во можност, секако, дека би аплицирала повторно и сметам дека секој млад човек задолжително треба да замине на неколку месеци надвор од општеството во кое пораснал."

Студент од Скопје, Возраст: 24, Пол: женски, Град: Скопје
Матичен факултет: Јустинијан I - УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Willy Brandt School for Public Policy at the University of Erfurt

**"Мојата комуникација со матичниот факултет беше одлична бидејќи добивав и поддршка и информации кои ми се потребни во секое време. Ова се однесува на мојата професорка и на нејзините асистентки кои навистина со задоволство ми помогнаа."**

Студент од Скопје, Возраст: 21, Пол: женски, Град: Скопје
Матичен факултет: Економски факултет на УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Факултет за администрација на Универзитетот во Љубљана

"Имам многу позитивни искуства, пред сѐ, си ги подобрив комуникациските вештини, потоа си ја проширив мрежата на пријатели бидејќи таму запознав други студенти кои беа дојдени на размена од други европски држави. Имав можност да слушам предавања на англиски јазик и тоа предмети кои немам можност да ги слушам тука на мојот департман."

Студент од Скопје, Возраст: 21, Пол: женски, Град: Скопје
Матичен факултет: Економски факултет на УКИМ
Странски факултет на кој студентот бил на размена:
Факултет за администрација на Универзитетот во Љубљана

# Мобилност на наставниот и административниот кадар

## Не постои заинтересираност или свесно се бојкотира можноста за мобилност на наставниот и на административниот кадар?

Преку прашањата кои ги доставивме до македонските високообразовни институции сакавме да согледаме колку од наставниот кадар, а, воедно, и факултетската администрација, ја користат мобилноста за да согледаат туѓи искуства, но и да пренесат што знаат. Сакавме да ги согледаме дадените можности за искористување на мобилноста, односно сакавме да ја видиме реалната ситуација за тоа кои се можностите на академскиот кадар и администрацијата да можат своето знаење и работни вештини да ги надоградат на високообразовни институции надвор од нашата земја, како и да разменат искуства.
Сметавме дека е ова важно од неколку аспекти - **примарно,** доколку наставниот кадар ја користи мобилноста за сопствено доусовршување, неизбежно е да се заклучи дека и самиот факултет ќе има големи бенефиции од тоа. Како најголеми придобивки од мобилноста можеме да ги издвоиме искуствата и новите знаења кои наставниот кадар ќе ги стекне, а ќе може и да ги применува во РМ, односно на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Јасно е дека придобивката ќе биде и кон самиот квалитет на наставата, а, воедно, и кон студентите кои ќе имаат уште поголеми можности за поквалитетни предавања. Поголемото знаење на студентите го става и самиот факултет високо на ранг-листата. Што се однесува на академскиот кадар на факултетите и важноста тие да ја користат мобилноста преку учества на различни конференции, семинари, обуки и трибини, мислиме дека е многу важно академскиот кадар да биде што е можно позапознат со процедурата за Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС), и притоа да ги аплицира сите новости, подобности и административни процедури кои се соодветни за имплементирањето на ЕКТС.
**Воедно, генералната цел на нашето истражување** е да се забележи до кое ниво нашите факултети ги користат можностите за мобилност на академскиот кадар и администрацијата, кои можности им се пружаат и кои се причините за таквата позитивна/негативна ситуација.
**И на крајот,** да набљудуваме дали македонските високообразовни институции го спроведуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и да провериме дали студентите кои студираат на УКИМ можат лесно да дојдат до бараните информации.

## Ниту еден стручен соработник од земјите-потписнички на Болоњската декларација[2] нема дојдено на стручно досоувршување на испитаните факултети.

Оваа ситуација покажува дека ниту еден од испитаните факултети не се избор на стручните соработници од универзитети од земјите- потписнички на Болоњската декларација за да се доусовршуваат на нив. Сметаме дека оваа ситуација може да се подобри доколку универзитетот почне поинтензивно да ги промовира своите достигнувања и квалитети и да се потруди да се отворат вратите на нашите факултети

[2] http://ec.europa.eu/education/higher-education/doc1290_en.htm

со што би ги заинтересирале и стручните соработници од странските универзитети да дојдат на стручно доусовршување во нашата земја.

## Согласноста за усовршување на наставник или соработник надвор од државата ја дава Наставно-научниот совет на факултетот.

Пред ваквиот предмет да стигне на одобрување пред Наставно-научен совет, треба да се разгледа и да се одобри од самата катедра на која предава и од која е дел професорот или од институтот на факултетот. Единствена разлика помеѓу факултетите постои во однос на должината на периодот кој го одобрува Наставно-научниот совет. Меѓутоа, целата оваа постапка е во согласност со Законот за високо образование.

## Надомест на трошоци и право на 70% од последната плата за професорите кои добиле можност за стручно усовршување на еден од првите 100 универзитети.

Во однос на мобилноста на академскиот кадар на македонските универзитети на сите седници во Комисијата за образование во Собранието на РМ, се дискутирало за: наставниот кадар кој има добиено можност на престој за стручно усовршување на еден од првите 100 универзитети рангирани на последната објавена листа од следниве институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US Newsand Rep. Министерството за образование и наука му одобрува надомест на трошоци за престојот на соодветниот универзитет за сместување, исхрана, здравствено осигурување и патни трошоци. Висината на надоместокот на трошоците за престојот се утврдува врз основа на известувањето на соодветниот универзитет. За време на студискиот престој лицето има право на плата во висина од 70% од последната плата исплатена пред заминување на престојот за стручно, односно научно продлабочување и усовршување.

## Во изминатата 2008/2009 само Правниот факултет има организирано трибини на тема „Мобилност“, а ниту еден факултет нема организирано семинар или конференција на оваа тема.

Ваквата состојба покажува слаба промоција на мобилноста. Како последица од ова се јавува неинформираност кај лицата кои треба да бидат корисници на мобилноста.

## Само еден помлад асистент од сите испитани факултети својата диплома за завршени додипломски студии ја стекнал на универзитет надвор од Р. Македонија.

Овој помлад асистент е од Економскиот факултет. Податокот зборува за малото меѓународно искуство кај наставниот кадар, кое, покрај тоа што овозможува размена на искуствата, придонесува и за подобар квалитет и знаење кое се пренесува на студентите.

## Речиси на половина од факултетите нема асистенти во наставниот кадар кои стекнале диплома од постдипломски студии на универзитет надвор од Р. Македонија.

На Правниот, Економскиот, Машинскиот и Архитектонскиот факултет има асистенти кои своите постдипломски студии ги завршиле на некој универзитет надвор од Р. Македонија, најчесто во Германија или во Холандија. Бројот на асистентите со вакви дипломи е различен од факултет до факултет и се движи од 1 до 4.

## Во учебната 2009/2010 на Машинскиот факултет немало ниту едно предавање од професор од странски универзитет.

**Според резултатите,** бројот на предавања **од професори од странски универзитет** варира кај факултетите кои беа предмет на нашето истражување. Најголемиот број одржани предавања во наведената студиска година, вкупно 12, се одржани на Економскиот факултет. Другите факултети или имаат помалку вакви предавања од странски професори или немаат точна информација, односно не водат евиденција. Само на Машинскиот факултет нема одржано предавање од професор од странски универзитет.




## Професорите од половина од испитаните факултети во учебната 2009/2010 немаат одржано предавање на странски факултет.

Ова значи дека професорите од половина од испитаните факултети не ги пренеле своите искуства на странски факултети. Останатите факултети имаат професори кои реализирале предавања на странски факултети. Најголем број професори кои реализирале вакви предавања има Филозофскиот факултет. Посетите на професорите се остваруваат во зависност од соработката која ја имаат домашните факултети со оние надвор од РМ, како, на пример, Универзитетот во Колумбија, Универзитетот „Карл Франц“ во Грац, Р. Австрија, Унверзитетот во Загреб и сл. Размената на знаења и искуства од страна на професорите е од исклучителна важност за напредок на високото образование. Оттука поразителен е фактот што речиси половина факултети не успеале да реализираат ниту едно вакво предавање.

## Еден факултет во просек има 76 учества на наставници и соработници на меѓународни научни собири во последните 5 години.

Вкупниот број на учества во изминатите 5 години на меѓународни научни собири од сите испитани факултети е 382. Притоа најголем број посети кои ги има остварено еден факултет е 218 и тоа е Филозофскиот факултет, а најмалку е 1 посета од Архитектонскиот факултет. Овие бројки за посетите на наставниците и соработниците се значајно поголеми во однос на какви било меѓународни посети од страна на студентите. Оттука можеме да заклучиме дека за наставниот кадар има многу поголеми можности за искористување на мобилноста.
Дополнителен податок до кој дојдовме со истражувањето е дека максималната бројка од наставниот кадар кој посетил конференции/семинари надвор од Македонија, од еден факултет е 24 членови, но има и факултети на кои ниту еден член од наставниот кадар не ја „напуштил" државава за да учествува на конференции или на семинари.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" има база на податоци за бројот на студентите, соработниците и наставниот кадар и таа се води и ажурира во Одделението за настава и наука и во Универзитетскиот центар.

## Наставниот кадар од факултетите од општетствените науки доминира при искористувањето на програмите за мобилност.

Факултетите за филолошки, медицински и електротехнички науки, имаат од 3 до 4 лица од наставниот кадар кои имаат искористено некоја од програмите за мобилност. Додека Факултетот за земјоделски науки има само едно лице од наставниот кадар кое има искористено програма за мобилност. Споредено со овие факултети, оние од општествените науки имаат поголем број на наставен кадар кој има искористено некоја од програмите за мобилност. Наставниот кадар ги посетил универзитетите во: Лунд, Љубљана, Марибор, Сапиенца, Рим и Гент.

## Само двајца административни работници од сите испитани факултети биле на стручно доусовршување.

Мобилноста на административниот персонал, речиси, е целосно запоставена. Единствено дел од административните работници од Факултетот за електротехника и информациски технологии и од Филозофскиот факултет искористиле некоја од програмите за мобилност. На другите испитани факултети нема ни еден вработен од административниот персонал којшто бил на стручно доусовршување надвор од факултетот на кој работи. Дополнително, пак, ниту еден од испитаните факултети нема административен персонал од земјите-потписнички на Болоњската декларација кој дошол на стручно доусовршување кај нив.

## На ниту еден состанок на испитаните факултети не е дискутирано за мобилност.*

Оваа тема на состаноците, во согласност со резултатите од истражувањето е начната, но, сепак, не е официјално дискутирана. Доколку оваа тема не е воопшто дискутирана

* За ставот на универзитетското раководство по ова прашање, погледнете го интервјуто со проф. Д-р Велимир Стојковски, ректор на УКИМ, прашање бр. 6, стр. 39

на ниту еден факултет, дали воопшто можеме да зборуваме за какви било активности за мобилност од страна на факултетот.

Од испитаните факултети ниту еден од нив нема направено евалвација за мобилност која ја овозможуваат самите  факултети.

## Само три факултети имаат предавања кои се одвиваат на странски јазик.

Преку истражувањето поврзано со мобилноста на студентите и наставниот и административниот кадар за нас беше битно да дознаеме и дали има факултети на кои предавањата се одвиваат на странски јазик бидејќи бројот на странски студенти на УКИМ од година во година се намалува. Резултатите ни покажаа дека само на три факултети дел од предавањата се одвиваат на странски јазик. Имајќи го предвид фактот дека еден од нив е Филолошкиот факултет чиј предмет на студии е изучување странски јазици, слободно можеме да кажеме дека два факултета реализираат настава на странски јазик. Предавања на англиски јазик има само на Правниот и на Економскиот факултет. Другите факултети одговорија дека кај нив одлуката за тоа дали некој предмет ќе се реализира на странски (англиски) јазик зависи од самиот професор, но и од тоа дали на предавањата има странски студенти. Ова е причина плус што ги оневозможува странските студенти да се надоградуваат на нашите факултети бидејќи индиректно како услов се поставува потребата за добро познавање на македонскиот јазик.

## Продеканот за меѓународна соработка е многу битен за остварување на мобилноста.

Два од испитаните факултети воопшто немаат продекан за меѓународна соработка. Ова е лицето кое ги создава и одржува контактите за остварување на мобилноста и севкупно за целата соработка со други високообразовни институции. Затоа е зачудувачки фактот дека сè уште има факултети кои немаат продекан за меѓународна соработка.

## Еден од факултетите има остварено соработка со 39 високообразовни институции од почетокот на имплементацијата на Болоњската декларација до денес.*

Ова, всушност, претставува и најголем број соработки што ги има остварено некој факултет и тоа е Економскиот факултет. Наспроти ова има и факултет кој нема остварено соработка со ниту една високообразовна институција. Оттука бројката на соработки многу се разликува од факултет до факултет. Вкупната соработка на испитаните факултети е со 63 високообразовни институции.Тоа што е значајно да се напомене е дека таму каде што има воспоставена соработка, истата не се заснова на претходно утврдени критериуми, туку се должи на индивидуални контакти и случајност.

* За ставот на универзитетското раководство по ова прашање, погледнете го интервјуто со проф. Д-р Велимир Стојковски, ректор на УКИМ, прашање бр. 1, стр. 38

### Наставниот кадар нема практика за презентирање на своите трудови на странски јазик на меѓународни научни собири.

Четири од испитаните факултети одговорија дека трудовите ги презентираат на македонски јазик. Истите факултети немаат податоци или не водат евиденција дали магистерските трудови или, пак, други научни трудови се презентирани на меѓународни собири. Но постојат и факултети, како, на пр.: Економскиот факултет каде што има наставен кадар кој презентирал трудови на странски јазик.

### Бројот на трудови кои се објавуваат во меѓународни списанија е значително мал.

Со истражувањето дознавме дека само Факултетот за електротехника и информациски технологии има 100 објави во меѓународни списанија. Филозофскиот факултет има само два труда кои се објавени, додека останатите пет факултети немаат објави или, пак, немаат вакви податоци. Овие информации укажуваат на голема неангажираност од страна на поголемиот број на наставен кадар, како и на самите факултети.

### Речиси сите факултети изготвуваат годишни публикации и ги разменуваат со други високообразовни установи.

Само два од факултетите не издаваат публикации на факултетот и оттука тие не ги разменуваат научните трудови со ниту една високообразовна институција во Македонија или во Европа. Останатите факултети издаваат годишни публикации и ги разменуваат со други институции, и тоа: Филозофскиот факултет својот зборник „Жива Антика“ го разменува со повеќе од 200 институции.

### Само два од испитаните факултети имаат вработен кој е добитник на меѓународно признание за достигнување во науката или во иноваторството.

Значително мал е бројот на лицата кои добиле меѓународно признание за достигнување во науката или во иноваторството. Само 5 професори, и тоа: од Филозофскиот и од Машинскиот факултет од сите испитани факултети имаат вакво достигнување. Останатите факултети немаат вакви достигнувања или, пак, немаат вакви податоци.


КОЛЕГИ, НА ОВОЈ СОСТАНОК ТРЕБАШЕ ДА РАЗГОВАРАМЕ ЗА АКАДЕМСКА МОБИЛНОСТ И МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ РАЗМЕНИ НА СТУДЕНТИ.
НО, БИДЕЈЌИ СИТЕ СМЕ КРАТКИ СО ВРЕМЕ, ПРЕДЛАГАМ ОВА ДА ГО ПРЕТРЧАМЕ НА ПАУЗА.

# Финансиските средства - предуслов за мобилност

Од добиените резултати може да се заклучи дека ни факултетите ни универзитетите не издвојуваат посебни средства за мобилност. Средствата кои се на располагање доаѓаат од членства во различни конзорциуми во рамки на програмите на ЕУ.

Испитаните факултети не воспоставиле задоволително ниво на соработка со студентските организации во смисла на взаемно информирање, промоција и поддршка на мобилноста на студентите. Наодите од истражувањето покажуваат отсуство на какви било промотивни активности од страна на факултетот чија цел би била запознавање на студентите со можностите за мобилност.

## Не постои посебна буџетска ставка за мобилност.

Иако македонските високообразовни институции (испитаните факултети во ова истражување) сметаат дека ги доставуваат сите потребни информации во врска со мобилноста, резултатите од истражувањето покажаа дека не постои буџетската ставка која ја одвојуваат за промоција на мобилноста за учебната 2009/2010 година. Поразителен е податокот од Архитектонскиот факултет кој достави одговор дека кај нив нема мобилност.

По овој податок неопходно е да продолжиме понатаму со анализа на финансиите кои ги потрошиле факултетите за мобилноста на студентите и академскиот кадар, и поради тоа истражувавме: Колкави се вкупните средства кои ги вложиле испитаните факултети за да се оствари мобилноста на наставниот кадар за учество на јавни настани (конференции, трибини, семинари и сл.) во академската 2008/2009? Како резултат на ова добивме податок дека за наставниот кадар вкупната сума одделена на 5 факултети за 2008 и 2009 година изнесува **7.548.007,00 денари.** Дополнително, за еден од факултетите доволно е организаторот на овие настани сам да ги покрива трошоците.

## Фондот на средства на факултетите вложен за остварување на мобилноста на студентите е премногу мал.

Овој фонд на финансиски средства кој го вложиле факултетите за остварување на мобилноста на студентите за учество на конференции, семинари, трибини во учебната 2008/2009 година е 12 пати помал од фондот за наставниот кадар. Само три факултети, од испитаните во истражувањето имаат фонд за мобилност на студентите и тој изнесува 598.932 денари за 2008 и 2009. Има факултети кои или не водат евиденција колку средства потрошиле за мобилност на студентите или, пак, воопшто не вложиле такви средства за учество на студентите на конференции, семинари и трибини. За факултетите не е проблематично во истражувањето отворено да кажат дека воопшто немаат фонд за мобилност на студентите од додипломските студии. Оваа ситуација малку се подобрува со податокот дека факултетите, сепак, имаат средства за мобилност на студентите од втор циклус или постдипломски студии.

## Од година в година се намалуваат средствата за студиски престој на наставниот кадар од страна на Министерството за образование.

Во последните неколку години Министерството за образование и наука издвојува сè помалку финансиски средства за мобилност на научниот подмладок, младиот научен кадар и за искусните научници. Во последните години тие средства станаа симболични и не придонесуваат кон афирмација на научните достигнувања во Македонија, која би требала да се постигне преку учества на меѓународни научни собири, студиски престои и усовршувања. Забележително е намалувањето од речиси 9 пати во последните 5 години на средствата со намена за учества на научни собири.
Намалувањето на средствата од Министерството за образование и наука за учества на научни собири по години изгледа вака:

- 2006 година - 2,921,000,00 денари
- 2007 година - 1,413,000,00 денари
- 2008 година - 2,732,165,00 денари
- 2009 година - 2,701,580,00 денари
- 2010 година - 330,000.00 денари

Само еден факултет не удостои со одговор на нашето барање во законски предвидениот рок, за копија од завршните сметки за годината пред имплементирање на ЕКТС и за сметките од годината на спроведување до денес. По жалбената постапка само Правниот факултет сè уште нема доставено одговор.

Факултетите кои беа во фокус на ова истражување одговорија дека се корисници на средства од програмата ТЕМПУС. Од оние факултети кои користат финансиски средства, истите речиси им се искористени целосно за истата намена. Некои од факултетите овие средства ги имаат искористено за имплементирање на две мастер-програми на англиски јазик, според современи услови. Друг факултет во периодот од 2007 до 2009 има имплементирано два проекта на ТЕМПУС-програмата, но во академската 2009/2010 не се веќе корисници на оваа програма. Во просек од оние факултети кои користеле средства од оваа програма имплементирале по два проекта од истата.



ДОБРО. ШТО СЕ СЛУЧУВА ТУКА?
СТУДЕНТИ, ДОШЛЕ ДА БАРААТ ИНФОРМАЦИИ ЗА ФИНАНСИИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ.
ПА НИКОЈ НЕ ИМ ДОЗВОЛИЛ ДА ЧЕПКААТ ОВДЕ! ИЗБРКАЈ ГИ ВЕДНАШ!
НЕ ИМ СМЕЕМЕ НИШТО, ГИ ШТИТИ ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ.

# Интервју со проф. Д-р Велимир Стојковски, ректор на УКИМ

Поради значајноста на мобилноста во ЕКТС на студии, истражувачкиот тим на Младинскиот образовен форум сметаше дека треба да се побараат одговори за причините кои ја предизвикале состојбата, како и за идните планови кои би ја подобриле мобилноста на Универзитетот. Прашањата кои произлегоа од анализата на резултатите ги упативме до ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", проф. Д-р Велимир Стојковски. Тој како лице кое го претставува и го застапува Универзитетот даде одговор на некои сознанија од спроведената анализа. Неговото видување за мобилноста на Универзитетот ја дооформи констатираната слика

1. **Резултатите од истражувањето покажуваат дека одредени факултети сè уште немаат остварено соработка со странски високообразовни институции. Дали имате планови за проширување и продлабочување на соработката со странските инситутуции за високо образование и преку кои активности се работи на збогатување на соработките со европските образовни институции?**

   Сите факултети, помалку или повеќе, имаат остварено и остваруваат соработка со странски универзитети, институции и организации на ниво на проектна соработка, размена на студенти и наставници, заеднички дипломи, семинари, конференции, и тоа во двете насоки - кон ЕУ и пошироко, и од ЕУ кон Универзитетот. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" има потпишано повеќе од 90 договори за билатерална соработка.

2. **Зошто не се објавуваат стручни дела, како магистерски и дипломски тези на странски јазици? Со оглед на тоа што овие трудови ги зголемуваат експонираноста и престижот на Универзитетот на глобалната академска сцена, дали Универзитетот ја разгледува можноста да објави стручни дела на странски јазици и да ги преведе тие кои веќе се објавени на македонски?**

   На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како најстар државен универзитет, досега магистрирале околу 5000, а докторирале околу 3000 студенти. Тоа се случувало во изминатите 60-тина години. Притоа, во согласност со правилата во секој труд (магистерски или докторски) задолжително се пишува и резиме на англиски јазик или еден од странските јазици. Исто така, вообичаено пред да се пристапи кон одбраната, трудови со резултатите од истражувањата се објавуваат во научни списанија, што, воедно, претставува и нивна поширока верификација. Со оглед на тоа што во горeспоменатиот број не станува збор за трудови кои се објавени во последните неколку години, туку во многу подолг период, а во науката многу теми имаат и одреден период на својата актуелност, не знам колку би било целисходно да се преведуваат, на пример, докторати кои се одбранети пред многу години.

   Што се однесува, пак, до научните публикации кои се издаваат на факултетите и на институтите на Универзитетот, тие се печатат само на странски јазик (англиски) или, пак, и на македонски и на странски. Исто така, врз принципот на размена со многу библиотеки и универзитети, овие изданија се дистрибутираат ширум Европа и светот.

**3. Според спроведеното истражување, досега ниту еден од испитаните факултети нема издадено додатна диплома (diploma suplement). Зошто студентите не добиваат соодветна диплома во согласност со системот на кој студираат? Како Универзитетот се соочува со овој проблем?**

Додатокот на диплома (diploma supplement) за првпат е предвиден со Законот за високото образование од 2008 година, а нејзиниот изглед е пропишан една година подоцна, со Правилник од надлежното министерство, во август 2009 година. На сите студенти кои се запишале на Универзитетот во академската 2008/2009 година со дипломата ќе им се издава и додатокот на диплома. Но, бројот на дипломирани студенти од оваа генерација, се разбира дека е мал (само на првиот циклус), така што додаток на диплома веќе се издава (пр.: на Филозофскиот и на др. факултети). Исто така, факултетите им овозможуваат и на другите студенти кои се запишале на Универзитетот пред 2008 година, заедно со дипломата, на нивно барање да им биде издаден и додаток на дипломата. Изгледот на додатокот на дипломата е унифициран на ниво на Универзитетот и е објавен на нашата интернет-страница и факултетите постепено ја воведуваат практиката на издавање додаток на диплома.

**4. Зошто факултетите немаат орган/канцеларија преку кои ќе ги информираат студентите за можностите за остварување мобилност?**

Факултетите имаат официјални лица задолжени за студентската мобилност. На сите факултети се избрани Еразмус-координатори за мобилност кон странските универзитети, додека во Ректоратот постои Канцеларија за меѓународна соработка каде еден од приоритетите е промоција на мобилностите преку Еразмус мундус конзорциумите (Basileus, JoinEUSEE, Еразмус LL итн). Промоцијата и информирањето, исто така, се вршат преку студентското радио, делењето брошури на факултетите, интернет-страницата на универзитетот, директната комуникација, преку електронска пошта (комуникација) со сите заинтересирани студенти и наставници.

**5. Дали Универзитетот има стратегија преку која ќе се промовираат студентската и академската мобилност на факултетите? Конкретно, кои се планираните активности за промоција на програмите за мобилност во академската 2010/2011 и за академската 2011/2012?**

Планираните активности за промоција на програмите за мобилност во следната академска година ќе бидат слични како и претходно напоменатите, како и воведувањето дополнителни форми.

**6. Според спроведеното истражување, досега ниту еден факултет на своите состаноци нема дискутирано за мобилност. Зошто од спроведувањето на ЕКТС досега на факултетите не се дискутирало за една од суштинските активности според овој систем?**

Навистина не ми е познато дали на некој од официјалните состаноци на факултетите се дискутирало за мобилноста. Но, сепак, не би се согласил со фактот дека оваа тема не допира до студентите и до наставниците. Како податок, ќе напоменам дека само во последниве две години по програмите за мобилност

120 наши студенти и наставници дел од своите студии ги поминаа на еминентни странски партнерски универзитети, а 27 од овие универзитети престојуваа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Се разбира дека никогаш не е доволно и дека треба да се најдат начини мобилноста да се зголеми таму каде што може.

7. **Според спроведеното истражување, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од година во година има сè помал број заинтересирани странски студенти за студии на Универзитетот. Поради што сметате дека е намален интересот на странските студенти за студии на Универзитетот и што мислите да преземете во однос на ова?**

На Универзитетот студираат странски студенти (Бугарија, Турција и др.), но точно е дека отсуствува, на пример, големиот број студенти од Блискиот Исток, што беше појава пред повеќе од 15 до 20 години. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, континуирано работи на подобрување на својот квалитет и препознатливост во пошироки рамки. За вредноста на нашата диплома на европскиот пазар имаме доволно показатели. Така што, барањето на одговорот во таа или слична насока сигурно дека не би бил вистинскиот. Веројатно се работи за причини коишто треба да се анализираат во поширок контекст на случувањата во регионот во изминатите години.

8. **Од истражувањето може да се забележи неунифицираност во функционирањето и состојбите на факултетите. Во поглед на мобилноста ова придонесува за поголема несигурност кај студентите во поглед на нивните права, обврски и можности. Дали сметате дека ова дополнително ја усложнува состојбата на слаба мобилност кај студентите?**

Сите студенти на Универзитетот, без оглед на кој факултет студираат, имаат сосема исти права и обврски не само во поглед на студирањето, туку и во поглед на мобилноста. Конкурсите се јавни, транспарентни и достапни за сите студенти. Евалвацијата на студентските молби ја вршат институциите со кои се остварува мобилност, односно партнерските универзитети од странство, во зависност на кој универзитет студентот аплицира за престој. Сите имаат можност да аплицираат и, исто така, сите имаат можност да добијат стипендија за мобилност.



# Заклучоци и препораки

- Заклучни согледувања
- Препораки
  - Кон студентските организации
  - Кон факултетите
  - Кон универзитетите
  - Кон бизнис секторот

# Заклучоци и препораки

Една од клучните алатки за препознатливост на институциите и поединците во високото образование е мобилноста на студентите и на академскиот кадар. Оваа алатка овозможува усовршување, меѓународна научна соработка, размена на искуства во организација и реализација на наставата, унапредување на раководењето и управувањето со системот на високото образование итн. Сето ова упатува кон општата констатација дека мобилноста е еден од клучните фактори за унапредување на квалитетот на високото образование.

Поаѓајќи од ова, а имајќи го предвид фактот дека кај нас мобилноста во високото образование е сериозно запоставена, претставници на Младинскиот образовен форум спроведоа истражување чија цел, од една страна, е анализа на мобилноста, а, од друга страна, актуелизирање на оваа проблематика пред јавноста со нудење конкретни решенија за подобрување на состојбата.

Истражувањето е спроведено користејќи ја алатката„слободен пристап до информации од јавен карактер". Општ впечаток е дека од истражување во истражување се подигнува нивото на соработката помеѓу барателите и имателите на информации од јавен карактер, иако сè уште има простор за унапредување на оваа соработка.

Врз основа на наодите од истражувањето, може да се извлечат следните



# Заклучни согледувања

1. Од добиените резултати од истражувањето забележливо е дека мобилноста на студентите во Република Македонија е крајно незадоволителна и тоа се должи на неинформираност, отсуство на соодветна финансиска поддршка и на недоволна отвореност на факултетите за меѓународна соработка.

2. За разлика од мобилноста на студентите, резултатите од спроведената анализа од страна на МОФ покажуваат дека мобилноста на соработничкиот и на наставниот кадар е нешто подобра, но, сепак, далеку од оптимум кој би обезбедил препознатливост на нашите високообразовни институции и унапредување на високото образование во целина.

3. Мобилноста на административниот кадар, исто така, целосно е запоставена, а тоа се должи на високо ниво на рутинизација, отсуство на мотивација за унапредување, непознавање странски јазици и маргинализација на улогата на администрацијата во развојот на факултетите и на универзитетите.

4. Во високообразовните институции во Република Македонија на сите нивоа недостасуваат процедури кои се однесуваат на информирање, селекција, евиденција и отчетност за мобилност на студентите, академскиот и административниот кадар.

5. Врз основа на одговорите од факултетите во рамките на истражувањето, забележливо е дека е отежната координацијата на меѓународната соработка на универзитетско ниво иако тоа би требало да биде една од клучните функции на интегрираниот универзитет. Оваа состојба веројатно се должи на отсуство на споменатите процедури во доменот на мобилноста.

6. Доставените одговори од страна на факултетите во рамките на истражувањето покажуваат дека во високообразовниот систем во Македонија не е заживеана практиката за издавање  додаток на диплома (diploma supplement) која треба да претставува израз на екстракурикуларните активности на студентот и особено неговата мобилност.

7. Најголем дел од факултетите не организираат никакви облици на неформално и информално образование како содржини кои би биле евидентирани во diploma supplement, која од своја страна е алатка за мобилност, но и за вработување.

8. Факултетите не воспоставиле задоволително ниво на соработка со студентските организации во смисла на взаемно информирање, промоција и поддршка на мобилноста на студентите. Наодите од истражувањето покажуваат отсуство на какви било промотивни активности од страна на факултетот чија цел би била запознавање на студентите со можностите за мобилност.

9. На факултетите не постои соодветна институционална поддршка на мобилноста на студентите, па тоа е некаде дел од надлежностите на координаторите за ЕКТС, некаде е дел од обврските на продеканите за меѓународна соработка, а некаде воопшто нема надлежни лица или тела во рамките на факултетот.

10. На некои од факултетите не постои продекан за меѓународна соработка, а таму каде што постои таква позиција, евидентни се активности поврзани со посетување настани поврзани со мобилност. Но, од друга страна, нема информација за дисеминацијата на стекнатите искуства и информации и влијанието на тие активности врз унапредување на мобилноста на факултетите.

11. Од добиените резултати може да се заклучи дека ни факултетите, ни универзитетите не издвојуваат посебни средства на мобилност. Средствата кои се на располагање доаѓаат од членства во различни конзорциуми во рамки на програмите на ЕУ.

12. Студентскиот парламент како монополизиран претставник на студентската популација и покрај располагањето со средствата кои недоброволно ги уплатуваат студентите не издвојува никакви средства за промоција на мобилноста на студенти.

13. Евидентно е дека бројот на странски студенти во Македонија од година во година опаѓа што укажува на намален интерес за студирање во Македонија. Тоа, покрај другото, се должи и на опаднатиот квалитет на високото образование, неговата бесмислена дисперзија и провинцијализација и отсуството на подготвителни програми за странските студенти.

14. Исто така, не постои интерес за усовршување на високообразовните институции во Македонија од страна на соработници и студенти од ЕУ. Оваа незаинтересираност, веројатно, се должи на руинирањето на квалитетот на високото образование преку негово ситнење, политизација и финансиско осиромашување.

15. Студентските организации од Македонија, според анализата на добиените податоци од факултетите, покажуваат поголема активност околу мобилноста на студентите, што делумно се должи на нивното членство во меѓународните студентски асоцијации.

16. Во рамките на високообразовните институции не се води ревносна евиденција за мобилноста која ја остваруваат студентите, академскиот и административниот кадар. Ова, веројатно, се должи на отсуство на практика за отчетност по завршената мобилност која подразбира информирање и трансфер на добри практики на матичните институции.

17. Студентите од Република Македонија не учествуваат континуирано на спортските и на научните манифестации чија цел е соработка, дружење и размена на искуства. Овие учества се спорадични и зависат од обезбеденоста на финансиите и од иницијативноста на поединци.

18. Според наодите од истражувањето, во Република Македонија сè уште постојат факултети кои немаат ниту еден потпишан договор за билатерална соработка со некоја странска високобразовна институција. Во такви услови не може ни да се замисли унапредувањето на мобилноста на студентите и на академскиот кадар.

19. Таму каде што има воспоставена соработка, таа не се заснова на претходно утврдени критериуми, туку се должи на индивидуални контакти и случајност.

20. Евидентна е неуслогласеноста на студиските и на предметните програми со програмите на престижни институции. Тука треба да се бара една од причините за незадоволителната мобилност на студентите од Македонија кон развиените земји.

21. Во рамките на факултетите не се воспоставени постапки за издавање препораки за студентите кои би сакале да се усовршуваат или да престојуваат на странски факултет. Ова дополнително придонесува во неконзистентноста во селекцијата на студентите кои треба да бидат избрани за мобилност.

22. На факултетите во Македонија не постои практика магистерските и докторските трудови да се бранат на еден од светските јазици. Тоа е бариера во спречувањето на интернационализацијата на високото образование во Македонија.

23. Анализата покажа дека на ниеден од факултетите вклучени во истражувањето никогаш официјално не се разгледувале прашања од областа на мобилноста на студентите, академскиот и административниот кадар. Тоа покажува одредено потценување на мобилноста како процес во имплементацијата на ЕКТС, а последиците се забележуваат преку незадоволителното ниво на мобилност на овие категории.

24. Резултатите од истражувањето покажуваат дека нема формални пречки во одобрување отсуство на кадар кој има можност да се усовршува, предава или истражува на некој од странските универзитети. Согласно со Законот за високо образование, одлуките за одобрување студиски престој се донесуваат на сите нивоа, почнувајќи од катедра, преку институт, па до факултет.

25. На високообразовните институции вклучени во истражувањето работат соработници и наставници кои своите магистерски, односно докторски титули ги стекнале на универзитети надвор од земјата, но нивниот број сè уште е мал, особено на некои факултети на кои воопшто нема такви вработени.

26. Практиката за организирање предавања од страна на поканети предавачи ја реализираат само некои од анализираните факултети, додека, од друга страна, има факултети кои со години не организирале предавања од страна на гости-предавачи од еминентни странски универзитети.

27. Исто така, резултатите покажуваат дека бројот на универзитетски наставници од нашите факултети кои одржуваат настава како поканети предавачи или визитинг-професори на високообразовни институции надвор од земјата е незадоволителен.



28. Ретко се случува универзитетски професори кои работат на нашите високообразовни институции да добиваат меѓународни признанија. Многу почесто добитници на такви признанија се наши научници кои работат на престижни универзитети во странство. Тоа укажува на потребата од подигнување на нивото на соработка и мобилност на академскиот кадар во Република Македонија.

29. Некои од факултетите вклучени во анализата воопшто не објавуваат годишни публикации со резултати од истражувањата кои се дистрибуираат по сродни високообразовни институции во светот. На таков начин е скратена уште една можност за воспоставување соработка и реализација на мобилност кај овие факултети.

30. Ниеден од факултетите кои беа опфатени во ова истражување досега нема направено систематска евалвација на мобилноста на студентите, академскиот и административниот кадар што оневозможува надминување на воочените слабости.

31. Бизнис-секторот не пројавува посебен интерес за стипендирање на студентите со што би обезбедил влијание врз развојот на високото образование. Во одредени случаи бизнис-секторот ги покрива трошоците за учества на научни собири од страна на наставно-научниот кадар, но тие контрибуции имаат повеќе социјален, отколку комерцијален карактер.

32. Компаниите од бизнис-секторот имаат повеќе интерес за спонзорирање учества на академскиот кадар на научни собири во странство заради полесно правдање на тие средства пред даночните органи.

33. Во последните неколку години Министерството за образование и наука издвојува сè помалку финансиски средства за мобилност на научниот подмладок, младиот научен кадар и за искусните научници. Во последните години тие средства станаа симболични и не придонесуваат кон афирмација на научните достигнувања во Македонија која би требало да се постигне преку учества на меѓународни научни собири, студиски престои и усовршувања.

34. Една од причините за целосно замирање на мобилноста на студентите и академскиот кадар кон универзитетите во ЕУ е скандалот во Агенцијата за европски програми поврзан со коруптивно однесување во доделувањето на средствата. Заради ова Европската комисија ги замрзна сите фондови за Македонија од програмите „Доживотно учење“ и „Млади во акција“ со што е оневозможена и мобилноста од Македонија кон ЕУ.

35. Во последните две години, Владата на Република Македонија преку Министерството за образование и наука се обидува да ги мотивира студентите од Македонија за студирање на најпрестижните универзитети во светот преку покривање на трошоците за студирање и престој, но засега нема податоци за интересот на студентите за овој тип студирање.

Истражувањето не би имало никаква смисла доколку покрај заклучните согледувања за состојбите поврзани со мобилноста во високото образование, МОФ не би понудил и препораки за унапредување на овој сегмент. Во таа смисла, а врз основа на наодите од истражувањето и заклучните согледувања, МОФ ги упатува следните препораки.



# Препораки

## Кон студентските организации

Општ е впечатокот дека студентите во Република Македонија сè уште не ги користат можностите кои им се на располагање, а кои се однесуват на студентска размена, усовршување и воопшто студентска мобилност. Тоа што можат да го сторат студентските организации во подобрување на студентската мобилност е:

1. Заради унапредување на студентската мобилност, студентските организации треба да обезбедат континуиран проток на информации од соодветните програми за студентска размена, преку факултетите до студентите преку:
   - редовно ажурирање на веб-страниците,
   - воспоставување секојдневна комуникација со продеканот за меѓународна соработка и взаемно информирање околу мобилноста,
   - организација на инфоденови за конкретни програми за студентска мобилност пред поширок круг на студенти,
   - објавување билтени и летоци наменети за размена на студенти.

2. Зголемувањето на студентска размена, студентските организации можат да го постигнат и преку:
   - обука на сопствени членови за меѓународна соработка,
   - поактивно вклучување во работата на меѓународните студентски организации,
   - номинација на свои членови во телата на меѓународните организации.

3. Меѓународната студентска соработка може да се развива само ако се обезбедени трајни и сигурни извори на финансирање неопходни за нејзина промоција и реализација. За таа цел студентските организации треба да алоцираат дел од сопствените средства за меѓународна соработка, но и да побараат финансиска поддршка од:
   - факултетските управи,
   - универзитетите,
   - бизнис-заедницата,
   - меѓународните програми за студентска мобилност.

4. Мобилноста на студентите во голема мера зависи и од активнстите кои ги преземаат и настаните кои ги организираат во Република Македонија, а на кои можат да земат учество и студенти од странство. Таквите активности се услов за учество на студентите на слични манифестации надвор од земјата. Во таа смисла студентските организации треба да се охрабрат за уште посериозен ангажман во организација на:
   - летни и зимски школи,
   - истражувачки кампови,
   - студентски научни собири,
   - спортски манифестации (универзијади, -ијади),
   - работилници, семинари и други облици на организирање.

## Кон факултетите

Иако со измените во Законот за високо образование и воспоставениот концепт на интегриран универзитет, правен носител на меѓународната соработка е универзитетот, тоа не треба да значи дека факултетите треба да се послободни по прашањето на мобилноста. Напротив, тие и понатаму се клучните организации кои треба да остваруваат контакти, а потоа и соработка со сродните високообразовни институции од странство, додека улогата на универзитетот има повеќе координативен карактер. Имајќи го ова предвид, а со цел унапредување на мобилноста на студентите, академскиот и административниот кадар, факултетите би требало да преземат бројни мерки и активности, и тоа:

1. Заради подигнување на нивото на информираност на студентите, академскиот кадар и администрацијата, факултетите ќе треба:
   - секојдневно да ги ажурираат своите веб-страници со информации за повици за мобилност,
   - да организираат настани од информативен карактер чија цел е запознавање со можностите за мобилност,
   - да организираат курсеви за странски јазици за административниот персонал.

2. Во функција на унапредување на мобилноста на своите студенти, факултетите треба да воспостават континуирана и ефикасна соработка со студентските организации на планот на меѓународната соработка и мобилност. Притоа треба да се обезбеди поддршка на меѓународните активности на студентите во смисла на:
   - издавање препраки,
   - обезбедување услови за стажирање во земјата и во странство,
   - логистичка поддршка во комуникацијата,
   - соодветна финансиска поддршка.

3. Оние факултети кои во моментот немаат ниту еден билатерален договор за соработка со сроден факултет од странство, па и оние кои имаат мал број такви договори треба да се охрабрат и веднаш да пристапат кон изнаоѓање партнер-институции за мобилност. Без таква билатерална соработка, можностите за мобилност на сите спомнати категории актери во високото образование се невозможни.

4. Со оглед на фактот што практиката за издавање додаток на диплома (diploma supplement) како алатка која, покрај другото, служи за регистрирање на студентската мобилност не е заживеана во високообразовниот систем во Македонија, факултетите веднаш треба да пристапат кон имплементација на систем за издавање. Тоа не би требало да значи само донесување формални акти, туку подготовка на активности од неформален и информален тип во кои би се вклучиле студентите, а кои би биле евидентирани во додатокот на диплома.

5. Факултетите треба да пристапат кон воспоставување и континуирано ажурирање систем за евиденција (регистрација) на мобилноста на студентите, академскиот кадар и административниот персонал како основа за унапредување, но и ефектуирање на мобилноста во високото образование во Македонија.

6. Факултетите треба итно да пристапат кон приспособување на студиските и предметните програми кои би биле компатибилни со тие на престижни високообразовни институции во светот. Тоа е еден од првите услови неопходни за привлекување странски студенти чиј број од година во година опаѓа. Воедно, вака усогласените програми ќе им дадат можност и на наши студенти дел од студиите да реализираат на некој од врвните универзитети во светот.

7. Со оглед на фактот што досега не е направена темелна евалвација на мобилноста, факултетите се тие кои би требало да отпочнат со систематска евалвација на мобилноста во високото образование чии резултати ќе помогнат во идентификувањето на слабостите и изнаоѓање соодветни решенија за нејзино унапредување.

8. Заради унапредување на меѓународната соработка и мобилноста, факултетите треба да обезбедат и соодветна институционална поддршка на овие процеси. Тоа подразбира, освен избраното лице (продекан) да се обезбеди и соодветна администартивна поддршка на ЕКТ-системот, како и логистика во коресподенцијата со странски институции, организација на настани од информативен карактер, регистрирање и евалвација на мобилноста.

9. Неопходно е да се воспостави практика на поставување на прашањето на мобилноста во високото образование на дневен ред пред факултетските органи и тела на управување. Тоа би значело дека барем еднаш во текот на студиската година на седница на Деканска управа и Наставно-научен совет би се разгледувало прашањето на мобилноста.

10. Факултетите треба да го охрабруваат и да го поддржуваат академскиот кадар формалните квалификации да ги стекнува и надвор од земјата со што се создаваат услови за понатамошна соработка со странски високообразовни институции. Покрај тоа, факултетите треба да обезбедат и учество на странски професори во подготовката и одбраната на магистерските и докторските трудови, како и одбрана на истите на некој од странските јазици кога е тоа возможно.

11. Имајќи го предвид малиот број признанија кои ги стекнале наши универзитетски наставници во меѓународни рамки, факултетите треба да пристапат кон евидентирање и номинирање на своите најистакнати професори за престижни признанија. На таков начин во голема мера ќе се подигне нивото на препознатливост на нашите високообразовни институции.

12. Заради поефикасна интернационализација на високото образование, факултетите треба да пристапат кон континуирано организирање предавања од страна на врвни предавачи и експерти од реномирани универзитети во светот. На таков начин ќе профункционира елементарниот принцип на отвореност кој треба да е иманентен за високообразовните установи.

13. И покрај сериозните проблеми со кои се соочуваат најголем број од јавните високообразовни институции, факултетите треба да пронајдат сили и да обезбедат посебни финансиски средства со кои макар и симболично би ја поддржувале мобилноста на студентите и на вработените на факултетите.

## Кон универзитетите

Во новонастанатите услови во високото образование и заживувањето на концептот на интегриран универзитет, универзитите добиваат една сосема нова позиција во однос на меѓународната соработка и мобилноста. Имено, универзитетите се трансформираа во единствени легитимни претставници на академската заедница во воспоставувањето на билатералната соработка со странски високообразовни установи и во учеството на меѓународните програми со кои, покрај другото, се поддржува и мобилноста во високото образование. Освен оваа нова легална позиција, универзитетите треба да ја преземат и координативната улога во домените на меѓународната соработка и мобилноста. За да се исполнат овие надлежности на универзитетите, тие треба да пристапат кон:

1. Зајакнување на внатрешните капацитети преку ангажман на нови службеници во областа на меѓународната соработка и обука на целокупниот кадар вклучен во мобилноста.

2. Ажурирање на постапките околу потпишување билатерални спогодби со високообразовни институции од странство и поефикасна координација на учествата на членките на универзитетот, односно факултетите во меѓународните програми наменети за мобилност.

3. Поефикасна координација на активностите во однос на факултетите преку:
    - развивање процедури околу потпишување договори и нивна имплементација;
    - развивање акти за селекција на кандидати за мобилност;
    - развивање систем за евиденција и дисеминација на искуства од мобилноста на студентите, академскиот кадар и административниот персонал;
    - иницирање процес на евалвација на мобилноста;
    - предлагање мерки за унапредување на мобилноста.

4. Обезбедување сериозна финансиска поддршка за мобилноста во високото образование од средствата кои се обезбедуваат од членките, а кои треба да се вложат во задоволување на нивните заеднички потреби и интереси.

5. Перманентно следење на состојбите во доменот на мобилноста преку поставување дневен ред на универзитетските органи и тела на прашања кои се однесуваат на оваа проблематика барем двапати во текот на една студиска година.

6. Вршење перманентен притисок врз образовните власти за обезбедување многу позначајна финансиска поддршка на мобилноста во високото образование преку соодветните тела кои се предвидени во Законот за високо образование, Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за технолошки развој (Совет за развој и финансирање на високото образование, Совет за наука, Интеруниверзитетската унија и др.)

7. Преиспитување на учеството во организацијата и реализацијата на дисперзираните студии кои заради неквалитетот и импровизациите трошат

голем дел од средствата наменети за високо образование и наместо кон интернационализација, водат кон провинцијализација на високото образование на Македонија и го нарушуваат имиџот на нашите високообразовни установи во светот.



## Кон бизнис-секторот

Бизнис-заедницата како краен корисник на услугите на високото образование во својство на работодавец е еден од клучните фактори во унапредување на мобилноста на студентите. За да се почувствува нејзиното влијание во овој домен, таа треба да:

1. Учествува во бизнис-дијалогот со образовниот сектор со што ќе овозможи креирање вработлив високостручен кадар од чии услуги како работодавач ќе биде задоволна.

2. Земе активно учество во креирањето на регистерот на излезните компетенции на високостручниот кадар, со што ќе се зголеми и мотивацијата за финансиска поддршка на мобилноста во високото образование.

3. Обезбеди континуирана финансиска поддршка на мобилноста на научните кадри од соодветните области во однос на усовршување, учества на научни собири и друг вид студиски престои паралелно со идентификување на сопствениот интерес во повратните ефекти кои би ги обезбедила поддршката на мобилноста.

4. Обезбедува стипендии за студентите од соодветните факултети со кои, покрај другото, ќе се овозможи и нивно усовршување и носење неопходни искуства од развиените економии.

## Кон образовните власти

Во последните години високото образование стана своевиден полигон за бројни интервенции главно во контекст на Болоњскиот процес. Во случајов не може да се употреби изразот реформи бидејќи тие секогаш треба да носат доза на издржаност и сериозност, за што во случајот не може да стане збор. Еден од сегментите на високото образование во кој се случија негативни промени се мобилноста и меѓународната соработка. Заради надминување на овие состојби, надлежното Министерство во наредниот период ќе треба:

1. Значително да ја зголеми финансиската поддршка на инструментите за мобилност во високото образование преку:
   - обезбедување средства за додипломски, постдипломски и докторски студии во странство,
   - обезбедување средства за објавување научни трудови во најеминентните списанија,
   - обезбедување средства за покривање реални трошоци за учества на наши научници на најпрестижните меѓународни научни собири.

2. Најитно да ги разреши проблемите во Националната агенција за европски програми чие незаконско работење и замрзнување на финансиската поддршка од страна на ЕУ за високото образование во Македонија предизвикаа ненадоместлива штета врз мобилноста на студентите и академскиот кадар.

3. Да се направи соодветна стратегија на државно ниво за унапредување на мобилноста и меѓународната соработка во високото образование во Македонија.

4. Да прекине со импровизации во високото образование и мешање во автономијата на академските институции со што ќе даде најголем придонес во подобрувањето на состојбите во однос на мобилноста.

# Додаток

Листа на испратени барања во првиот и вториот бран од истражувањата:

## Прв бран

Прашања по факултети

1. Со колку и кои факултети од земјите-потписнички на Болоњската декларација, вашиот факултет соработува од почетокот на имплементацијата до денес?

2. Дали вашиот факултет досега има издадено додаток на диплома (diploma supplement), колку вкупно и во која година?

3. Колку студенти преку вашиот факултет имаат еден или повеќе семестри студирано надвор од вашиот факултет?

4. Список од административниот персонал (секретари, референти и сл.) кои биле на стручно доусовршување надвор од вашиот факултет, во кој период и каде?

5. Колку студенти од земјите-потписнички на БД биле на стручно доусовршување за додипломски студии на вашиот факултет користејќи ги програмите на Европската унија за мобилност на студенти, список од студентите и од кој матичен факултет доаѓаат?

6. Список од стручни соработници од земјите-потписнички на Болоњската декларација кои биле на стручно доусовршување на вашиот факултет?

7. Список од административниот персонал од земјите-потписнички на Болоњската декларација кои биле на стручно доусовршување на вашиот факултет?

8. Колку студенти од земјите-потписнички на Болоњската декларација биле на стручно доусовршување за последипломски и докторски студии на вашиот факултет, список од нив и од кој матичен факултет доаѓаат?

9. Список на студенти- странски државјани кои имаат искористено некоја од програмите на Европската унија за мобилност на студенти и, воедно, студирале на вашиот факултет?

10. Колкава е буџетската ставка на вашиот факултет наменета за промоција на мобилноста за учебната 2009/2010?

11. Според кои критериуми ги селектирате студентите и наставниот кадар кои ќе ја искористат мобилноста? Барам фотокопија од правилата во кои се уредени критериумите.

12. За кој предмет на вашиот факултет е испочитуван условот за најмалку 30% европски и компаративни содржини во наставната програма и список од наведените содржини?

13. Дали вашиот факултет ги користи средствата од ТЕМПУС-програмата и колку средства користи во учебната 2009/2010, а колку има искористено во минатите две учебни години?

14. Список на предмети кои се предаваат на странски јазици на вашиот факултет и на кои јазици се предаваат истите?

15. Список на прифатени и одбиени кандидати на програмата ЕРАЗМУС од 2008 до денес?

16. Копија од актот со кој е регулирана изборната процедура за учество на студентите во програмата Еразмус на вашиот факултет?

17. Преку кои програми и проекти вашиот факултет обезбедува мобилност на студенти и наставниот кадар?

18. Врз основа на кои критериуми се избира универзитет со кој ќе се склучи билатерален договор и по која постапка?

19. Колку вкупно студенти аплицирале за програмата Базилиус за 2008/2009 година? Колку од нив се прифатени, а колку одбиени? Барам копија од списокот на сите студенти кои аплицирале.

20. Дали наставникот или соработникот кој добил можност за усовршување надвор од државата треба да добие согласност од факултетот, кој ја дава таа согласност и во кој рок? Барам копија од правилата со кои е уредена оваа постапка.

21. Дали вашиот факултет издава годишна публикација со научни трудови кои ги разменува со странски универзитети, ако да, колку и кои?

22. Колку трибини посветени на студентската мобилност имате организирано на вашиот факултет во учебната 2008/2009 ?

23. Колку семинари/ конференции вашиот факултет има одржано за мобилноста на наставниот кадар во 2008/2009?

24. Дали на вашиот факултет постои канцеларија/ работно тело чија функција е да ги информира студентите за стипендии и доколку имате, копија од документот со кој е формирана, работното време и одговорното лице?

25. Список на помлади асистенти кои стекнале диплома за завршени додипломски студии на друг универзитет надвор од Република Македонија и на кој универзитет ја стекнале дипломата?

26. Список од асистенти кои стекнале диплома од завршени постдипломски студии на друг универзитет надвор од РМ и на кој универзитет ја стекнале дипломата?

27. Колку студенти преку вашиот факултет имаат искористено некоја од програмите на ЕУ за мобилност на студенти од почетокот на 2009 година до денес и која од програмите ја имаат искористено?

28. Дали на вашиот факултет во учебната година 2009/2010 имало предавање оддржано од некој професор од странски универзитет (доколку да - кој професор, какво предавање било оддржано и кога било одржано предавањето)?

29. Дали професор од вашиот факултет во учебната 2009/2010 имал предавање оддржано на некој странски универзитет (доколку да – кој професор, какво предавање и на кој факултет)?

30. Список на академски кадар вработен на вашиот факултет кој посетувал конференција/семинар на која учество земале универзитети надвор од РМ?

**До Собранието на Република Македонија**

1. Записници од седниците на Комисијата за образование во Собранието на РМ на кои се зборувало за мобилност на академскиот кадар на македонските универзитети?

**До Ректоратот на УКИМ**

1. Наведете според кои критериуми универзитетот предлага студенти за добивање на стипендиите на ЕУ (Еразмус, Базелиус, .....)

**До Студентски парламент на УКИМ**

1. Со колкави финансии располага Студентскиот парламент со цел – промоција на стипендиите достапни за македонските студенти?
2. Колку трибини/семинари има организирано Студенскиот парламент со цел – промоција на стипендиите достапни за македонските студенти и кога и каде ги има одржано овие семинари?

## Втор бран

**До Факултетите**

1. Дали досега вашиот факултет има направено евалвација за мобилноста која ја овозможува вашиот факултет? Доколку имате, молиме да ни доставите копии од финалните извештаи и прегледи.
2. Дали на вашиот факултет постои база на податоци за студентска и академска размена? Доколку постои, кој ја води и ја ажурира?
3. Колку меѓународни проекти се реализирани на вашиот факултет во последните 5 години во чии рамки е реализирана студентска или академска размена. Доколку има такви, ве молиме наведете ги нивните наслови?
4. Колку наставници и соработници од вашиот факултет учествувале на меѓународни научни собири во последните 5 години?
5. Дали вашите студенти организираат некакви меѓународни манифестации и доколку организираат, преку кои меѓународни организации го прават тоа?

6. Дали студентите од вашиот факултет учествуваат на меѓународни спортски манифестации (универзијади, студенстки олимпијади, студенстки спортски игри)? Ако да, на кои биле во последните 5 години?
7. Дали вашите студенти традиционално учествуваат на соодветни –ијади на кои се презентираат научни трудови? Од каков карактер се тие –ијади (државни, регионални, континтални или светски) и на колку учествувале во последните 5 години, поединечно по година.
8. Дали има фирми кои стипендираат студенти од вашиот факултет, кои се тие фирми, по колку студенти стипендираат и која е висината на стипендиите?
9. Ве молиме да ни доставите списоци на соработници и наставници кои преку вашиот факултет имаат искористено некоја од програмите за мобилност во последните 5 години.
10. Ве молиме да ни доставите копија од завршната сметка за годината пред спроведување на ЕКТС и годините од спроведувањето до 2010 година.
11. Колкави се вкупните средства кои ги вложил вашиот факултет за да се оствари мобилноста на наставниот кадар за јавни настани (конференции, трибини, семинари и сл.) во академската 2008/2009?
12. Дали факултетските тела расправале за мобилноста на вашиот факултет? Доколку на некој состанок се дискутирало за мобилност, ве молиме да ни доставете фотокопија од записот (записникот) од состанокот.
13. Колкави се средствата што вашиот факултет ги вложил во мобилност на студентите за учество на конференции, семинари, трибини во академската 2008/2009?
14. Дали вашиот факултет овозможува подготвителна програма за странските студенти кои добиле можност да студираат на вашиот факултет? Доколку имате, какви активности опфаќа таа програма (фотокопија од подготвителната програма).
15. Со кои странски факултети вашиот факултет има договор за размена на студенти?
16. Дали вашиот факултет има утврдено постапка со која студентот добива препорака од страна на професорот? Доколку има, бараме копија од постапката.
17. Дали факултетот нуди курсеви, семинари, обуки кои не се дел од задолжителната настава, односно како облици на неформално образование?
18. На колку семинари или други јавни настани учествувал продеканот за меѓународна соработка на вашиот факултет во последните 5 години?
19. Како вашиот факултет ја дефинира мобилноста (студентска и академска мобилност)?
20. Дали некој од вработените на вашиот факултет е добитник на меѓународно признание за достигнување во науката или во иноваторството?
21. Колку магистерски трудови или други научни трудови од студенти од вашиот факултет се презентирани на странски јазик, а колку од нив се презентирани на меѓународни собири?
22. Колку магистерски трудови или други научни трудови од асистенти од вашиот факултет се презентирани на странски јазик, а колку од нив се презентирани на меѓународни собири?

23. Колку магистерски трудови или други научни трудови од академски кадар од вашиот факултет се презентирани на странски јазик, а колку од нив се презентирани на меѓународни собири?
24. Кој од трудовите што ги има издадено вашиот факултет имаат постигнато најголема меѓународна афирмација, од која институција, на кои сѐ универзитети е промовиран и на кои јазици е публикуван?
25. Колку од трудовите чии автори се вработени наставници и соработници од vашиот факултет, се објавени во меѓународни научни списанија со impact factor и во кои во последните 5 години?

**До Ректоратот на УКИМ**

1. Дали од почетокот на имплементација на ЕКТС имате издадено диплома за завршени додипломски студии? Доколку имате, на кои факултети и колку дипломи?
2. Колкава е ставката од буџетот на Универзитетот наменета за мобилност на студенти и наставен кадар во 2008/2009 и 2009/2010?
3. Дали постои тело или канцеларија на ниво на Универзитетот која работи на мобилност на студенти и на академски кадар? Доколку постои, ве молиме доставете акт со кој е регулирано постоењето на оваа канцеларија?
4. Ве молиме објаснете ги причините поради кои е ставена во мирување програмата „Доживотно учење" за академската 2010/2011 и одлуката со која е ставена оваа програма во мирување.
5. Ве молиме да доставите список на студенти кои искористеле некоја од програмите за мобилност и на кои универзитети ја искористиле оваа мобилност во последните 5 години.
6. Ве молиме да доставите список на академски кадар кој искористил некоја од програмите за мобилност и на кои универзитети е реализирана оваа мобилност?
7. Дали Универзитетот располага со информација колку странски студенти аплицирале за да студираат на некој од факултетите-членки на УКИМ и ако располага, да ни ја доставите?
8. Процентуално од кој факултет на УКИМ најмногу студенти имаат добиено стипендија за студирање во странство и список од сите студенти?
9. Дали на ниво на Универзитет постои база на податоци на студенти, соработници и наставен кадар? Ако да, кој ја води и ја ажурира?

**До Министерството за образование и наука**

1. Дали Министерството за образование и наука има некаква стратегија за соочување со brain drain (одливање мозоци) и доколку има, испратете ни ја истата стратегија?
2. Дали МОН доделува средства за мобилност на студенти? Ако доделува, ве молиме да доставите преглед на тие средства во последните 5 години?

3. Дали МОН доделува средства за учества на научни собири? Ако доделува, Ве молиме да доставите преглед на тие средства во последните 5 години.
4. Дали МОН обезбедува средства за студиски престој на наставници и соработници? Ако да, ве молиме да доставите преглед на тие средства во последните 5 години.
5. Дали факултетите, односно универзитетите се обврзани да доставуваат податоци за реализирана мобилност на наставниот кадар и соработниците ?

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM